РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-20
01.11.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До:**

**Предмет: Одговор на претставка**

Почитуван

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги внимателно ја разгледа Вашата претставка (наш бр. УПП 03/20 од 14.10.2024 г.) против регионалното ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци, затоа што не Ви овозможило, како што велите – „јавен настап“, за да изнесете мислење за незаконска наплата услуги од шумското стопанство „Бор“ од Кавадарци, подружницата на ЈП Национални шуми – Скопје.

Ви предочуваме дека:

- Медиумите се самостојни и независни во својата уредувачка политика и Агенцијата нема законски надлежности да им наложи некому да му отстапат простор во програмскиот сервис за да искаже личен став, освен ако личноста не е директно (идентитетски) засегната од новинарска информација / прилог / емисија направена од конкретен давател на медиумска услуга;

- Членовите од Законот за медиуми и од Уставот на државата, на кои се повикувате во претставката, се однесуваат токму на слободното и независно функционирање на уредувачката политика на различните видови даватели на медиумски услуги.

- Во Вашиот случај, не може да се примени ниту правото за одговор или за исправка на објавена информација, оти како што ни потврди и уредништвото на ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци – ниту во единечен новинарски прилог ниту во каква било емисија, конкретно во периодот од февруари и од април годинава кога сте им се обратиле за „јавен настап“ – Вие воопшто не сте биле споменати во контекст на проблемот за кој реагирате.

- Оттаму, Агенцијата нема правна основа да констатира прекршок против ТРД КТВ ДООЕЛ Кавадарци.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**